Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1370/1 од 12.04.2024 година, со наводи против --------- -------------, помошник Министер за дисциплински и судски постапки на ------------- --- ---------- -------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите надлежен е да постапува друг надлежен орган.

Предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување до Државната Комисија за спречување и заштита од дискриминација.

Предметот со број 12-1370/1 од 12.04.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 12.04.2024 година, доставена е пријава против актуелен помошник Министер за дисциплински и судски постапки при ------------- -- ------------------, по која е оформен предмет со број 12-1370/1 од 12.04.2024 година.

Во доставена пријава е наведено дека наведениот функционер користејќи го своето влинание сторил суштествена повредна на членот 9 од Законот за спречување и заштита

од дискриминација, при изборот на членови само на одредени синдикални организации кои ќе учествуваат на обука „План за активности за 2024 година, за подршка на идно градење на професионалните капацитети на Одделот за дисциплински и судски постапки во ----" за период од 01-05.04.2024 година и истиот би се одржав во хотел Сириус Струмица. Се посочува дека со ваквото постапување извршено било ограничување и попречување на правото на еднакви можности за испраќање и учество синдикални преставници на обука организирана од ----, а воедно со ваков селективен и нееднаков третман била сторена дирекна и индирекна дискриминација врз членовите на другите синдикални организации во ----.

Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, од причина што пријавата содржи наводи за кои што оцени дека не се во нејзина надлежност и истата ќе се достави на надлежност до Државната Комисија за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата